

CCBE/DAV delegation, ELIL volunteers, Project Manager Philip Worthington, and Mr Vassileios Zissis outside the ELIL offices in Mytilene, Lesvos

CCBE – EUROPEAN LAWYERS – EUROPEAN BARS – BARREAUX EUROPÉENS – AVOCATS EUROPÉENS

# CCBEInfo

Број 60
Март 2017 година

## Европските адвокати на Лезбос – Работилница за одбрана на бранителите – Работилница на Европскиот парламент за обука на адвокатите – Борба против перењето пари – Кривично право – TRAVAW (Обука на адвокатите за законите во врска со насилството врз жените)

### ЕВРОПСКИТЕ АДВОКАТИ НА ЛЕЗБОС

Од 8 до 11 март, делегацијата составена од сегашниот Претседател на CCBE Рутвен Гемел, поранешниот претседател на CCBE Мишел Беничоу, Претседателот на Миграцискиот Комитет на CCBE Дејвид Конлан Смит, поранешниот претседател и сегашен Заменик претседател на DAV (Германската адвокатска комора) професор доктор Волфганг Евер и Извршниот директор на DAV Корд Бругман, отпатува во Грција во посета на проектот насловен како Европски адвокати на Лезбос (ЕАЛ).

Делегацијата беше пречекана со формална вечера во Атина, организирана од Адвокатската комора на Атина и претседателот на грчката делегација во рамки на CCBE Панагиотис Перакис, во присуство на бројни реномирани гости, меѓу кои и двајца поранешни претседатели на CCBE од Грција, Министерот за правда и други истакнати академици и адвокати. Тоа беше еден одличен и пријатен настан, кој вклучи и специјална презентација на значителниот придонес на поранешниот претседател на CCBE Мишел Беничоу во врска со реализацијата на ЕАЛ проектот и пристапот до правда во Грција.

На 9 март, делегацијата одржа средба со грчкиот Министер за правда г-дин Ставрос Контонис. Во текот на состанокот што привлече големо внимание, министерот го презентираше економскиот и политичкиот контекст на бегалската криза во Грција и ја потврди заложбата на грчката влада за солидарност и мир во Европа. Дополнително, делегацијата оствари средба и со правните советници на грчкиот Министер за миграциски прашања, г-дин Василеос Зисис и г-дин Маркос Папаконстантис, на која се говореше за успехот на проектот на терен, добрата соработка помеѓу проектот и Министерството и потенцијалната иднина на ЕАЛ.

Делегацијата потоа отпатува на Лезбос каде се сретна со раководителите на проектот Филип Вортингтон и Крисула Арконтаки. На 10 март, заедно со правниот советник на Министерот за миграциски прашања г-дин Василеос Зисис, делегацијата го посети Центарот за прием и идентификација во Морија. Делегацијата ја пречека Директорот на центарот, кој им се придружи и помогна во разгледувањето на кампот.

Конечно, делегацијата оствари средба и со лидерите на адвокатската комора од Лезбос и им се заблагодари за соработката во реализацијата на ЕАЛ проектот и за нивната работа, а се говореше и за ‘изгледот и формата’ на можните идни работни ангажмани на Лезбос.

Посетата беше многу успешна и претставуваше одлична можност да се види и утврди успешноста на реализацијата на проектот на терен.



Др. Корд Бругман. г-дин Панагиотис Перакис, г-дин Рутвен Гемел, грчкиот Министер за правда г-дин Ставрос Контонис, проф. Др. Волфганг Евер, г-дин Мишел Беничоу и г-дин Дејвид Конлан Смит

European Lawyers in Lesvos



Претседателот на ССВЕ Рутвен Гемел и Претседателот на грчката делегација во рамки на ССВЕ Панагиотис Перакис пред работните канцеларии на ЕАЛ проектот во Морија



г-дин Дејвид Конлан Смит, г-дин Маркос Папаконстантис, г-дин Мишел Беничоу, г-дин Рутвен Гемел, г-дин Василеос Зисис, проф. Др. Волфганг Евер и Др. Корд Бругман

**На 31 март 2017 година, европските адвокати на Лезбос го добија и работеа на својот 1,000 случај, што значи дека започнувајќи од месец јули 2016 година, над 1,000 поединци имаат добиено првична правна помош и совети од адвокатите вклучени во проектот ЕАЛ. Ова претставува едно извонредно постигнување и затоа уште еднаш сакаме да им се заблагодариме за великодушната финансиска поддршка на адвокатските комори што се вклучија во реализацијата на овој проект.**



Раководителот на ЕАЛ проектот Филип Вортингтон пред работните канцеларии на ЕАЛ проектот во Морија

## РАБОТИЛНИЦА ЗА ОДБРАНА НА БРАНИТЕЛИТЕ



Г-дин Витал Рајага, адвокат од Бурунди

**На 30 март, CCBE и организацијата ProtectDefenders.eu организираа заедничка работилница под наслов “Како да се подобри заштитата на адвокатите што се под закана низ целиот свет? Практични алатки во рамки на Механизмот на ЕУ за бранителите на човековите права”.**

Во текот на работилницата беше презентирана новата онлајн платформа под наслов “Индекс на напади и закани против бранителите на човековите права”, создадена во рамки на Механизмот на ЕУ за бранителите на човековите права. Оваа платформа претставува важен нов инструмент за зајакнување на заштитата на адвокатите изложени на закани, затоа што истата овозможува централизација на информациите за било какви напади врз адвокатите насекаде низ светот. CCBE го предложи воспоставувањето на оваа платформа минатата година, врз основа на веќе постојната платформа за унапредување на заштитата на новинарството и безбедноста на новинарите, воспоставена од Советот на Европа во 2015 година. По повод овој настан на едно место се собраа околу 70 претставници од различни адвокатски комори и здруженија, меѓународни, европски и национални адвокатски организации, поединечни адвокати и невладини активисти за заштита на човековите права. Мерцедес Гарсија Перез, Шефот на Одделот за човекови права при Европската служба за надворешно дејствување (EEAS) и Сара Риналди од Генералниот директорат на Комисијата за меѓународна соработка и развој (DEVCO) ги презентираа иницијативите на Европската унија за поддршка на човековите права на бранителите/адвокатите. Претседателот на CCBE Рутвен Гемел и претседавачот на Комитетот за човекови права на CCBE Патрик Хенри, го потенцираа влошувањето на состојбата во која се наоѓаат адвокатите во голем број земји и ги запозна учесниците со тековните меѓународни напори за мобилизација и иницијативите на CCBE за заштита и поддршка на загрозените адвокати.



Г-ѓа Мерцедес Гарсија Перез, Шеф на Одделот за човекови права при Европската служба за надворешно дејствување (EEAS)



Новинарскиот клуб во рамки на заедничката работилница организирана од страна на CCBE и организацијата Protect Defenders

Претставниците од Механизмот на Европската унија за бранителите на човековите права ја презентираа новата платформа, како и другите практични алатки што им стојат на располагање на бранителите на човековите права и адвокатите што се наоѓаат под закана. Свои обраќања имаа и Претседателот на Извршниот комитет на адвокатската комора од Колумбија и некои други засегнати адвокати од Бурунди (г-дин Витал Рајага) и Кенија, како корисници на програмата за привремено преместување во рамки на Механизмот на Европската унија за бранителите на човековите права.

**Повеќе информации за работилницата можете да најдете на следнава интернет адреса.**

## РАБОТИЛНИЦА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ОБУКА НА АДВОКАТИТЕ

**Работилницата под наслов “Обука на адвокатите” предвидена за обука на судии и правни практичари, вклучувајќи и адвокати, ќе се одржи на 12 април 2017 година во Брисел**, за време на заедничкиот состанок на Комисијата за граѓански слободи, правда и внатрешни работи и Комисијата за правни прашања. На работилницата ќе присуствува и Претседавачот на Комисијата за обука, Пјер Џовани Траверса, како претставник од CCBE.

## БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕТО ПАРИ

### Измени и дополнувања на 4-та Директива за борба против перењето пари

**На 28 февруари, надлежните комисии при Европскиот Парламент го усвоија Извештајот за новата предлог Директива за измени и дополнувања на 4-та Директива за борба против перењето пари.** Веќе се започнати и преговори со Комисијата и Советот (со државите членки), со цел, да се изнајде компромисно решение. Во нивната сегашна форма, одреден број од предложените нацрт одредби ќе имаат директно влијание врз адвокатите, меѓу другото и во однос на прашањата поврзани со барањата за совесно нудење услуги на клиентите, одредбите за делотворна сопственост, улогата на саморегулаторните органи, улогата и активностите на Единиците за финансиско разузнавање и даночните совети што ги нудат адвокатите.

Во месец февруари, Европскиот надзорен орган за заштита на податоци (EDPS) издаде Мислење во кое се анализираат некои од одредбите во предложените измени и дополнувања на 4-та Директива за борба против перењето пари. EDPS е независна институција на Европската унија, која, во однос на конкретното прашање на обработка на лични податоци, “е задолжена да обезбеди почитување на основните права и слободи на физичките лица, а особено на нивното право на приватност, од страна на институциите и телата на Заедницата”. Во Мислењето, EDPS идентификува одреден број значителни причини за загриженост во врска со одредбите за делотворна сопственост. Во Мислењето се посочуваат и одредени спорни прашања во врска со пропорционалноста, од аспект на улогата на Единиците за финансиско разузнавање, како и прашања во однос на пропорционалноста во врска со потребата за менување на одамна воспоставениот пристап заснован врз ризикот. Во ова Мислење се говори и за причините за загриженост предизвикани поради фактот што предложените измени и дополнувања ја надминуваат предвидената цел за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот и се спротивни на начелото за ограничување на причините за собирање лични податоци. CCBE ја споделува ваквата загриженост на EDPS и во неколку наврати ги има изразено своите слични ставови во однос на овие прашања.

### Наднационални проценки на ризикот

Комисијата продолжува со своите активности за Наднационални проценки на ризикот (ННПР). Тие вклучуваат оценка на нивото на “закана и ризик” од перење пари, а потоа и проценка на можните “ублажувачки мерки” за одреден број сектори, меѓу кои и за правниот сектор. CCBE зеде учество на втората консултативна средба на Комисијата одржана на 14 март. Од Комисијата се очекува да ги изготви нејзините Препораки до месец јуни 2017 година.

### Предлог на комисијата за борба против перењето пари преку кривичното право

**На 23 декември, Комисијата го објави “Предлогот за Директива на Европскиот Парламент и Советот за борба против перењето пари преку кривичното право.”** CCBE верува дека постојат многу проблеми во однос на овој предлог, започнувајќи од самата дефиниција на терминот “криминални дејствија”, одредбите во врска со “набавувањето, поседувањето или употребата”, импликациите врз презумцијата на невиност, одредбите за “личното перење пари”, како и одредбите во врска со “Имотот и приносите од казниви дела”. CCBE подготви писмен одговор во однос на овој предлог и тој беше одобрен на состанокот на постојаната Комисија на CCBE одржан на 31 март, а подоцна ќе биде доставен и до соодветните институции на ЕУ.

### Консултативна средба на Работната група за финансиско дејствување (FATF) со приватниот сектор

CCBE учествуваше на Консултативната средба со приватниот сектор во организацијата на FATF, одржана на 20 и 21 март во Виена. Во текот на средбата се говореше за најразлични прашања, меѓу кои и за делотворната сопственост, трустовите и идните активности во приватниот сектор.

## КРИВИЧНО ПРАВО

### Предлог за Регулатива за взаемно признавање на наредбите за замрзнување и конфискација на имот

На 23 декември, Комисијата го објави “Предлогот за усвојување Регулатива за взаемно признавање на наредбите за замрзнување и конфискација на имот”. CCBE моментално работи на финализацијата на својот одговор и коментар по предлогот, имајќи предвид дека предложената верзија содржи бројни проблематични прашања.

### EJO

Дискусиите во врска со евентуалното основање на Европско Јавно Обвинителство (EJO) напредуваат и можно е истото да започне со работа веќе во текот на 2019 година. Во неговата работа нема да учествуваат сите држави членки (досега својата поддршка за овој проект ја изразија 13 држави членки). Во повеќе наврати, CCBE ги има потенцирано своите ставови и мислења во однос на правото на одбрана, изборот на форумот, судската контрола и правните лекови. CCBE ќе треба дополнително да го утврди начинот, на кој адвокатите што најчесто работат како бранители, би можеле најдобро да се подготват за работа на предметите во кои би се вклучило EJO.

#### Процесни мерки за заштита

Преку својата Комисија за кривично право, CCBE ги следи сите случувања во врска со предлозите за усвојување Директиви, со кои всушност се комплетираше законодавниот процес. Тие се бават со следниве прашања: (а) правото на превод и толкување, (б) правото на информираност, (в) правото на пристап до адвокат, (г) првична правна помош за осомничени или обвинети лица што се лишени од слобода и правна помош во постапките согласно Европскиот налог за апсење, (д) презумпцијата на невиност и правото да се биде присутен на судењето во кривичните постапки и (ѓ) посебни заштитни мерки за деца што се осомничени или обвинети за сторено кривично дело.

Комисијата активно учествуваше во дискусиите по овие предлози, кога секој од нив поминуваше низ законодавниот процес. Тоа вклучуваше бројни состаноци со службените лица од Комисијата, Парламентот и Претседателството на Советот. Сега е време да се обидеме да ги идентификуваме другите права што понатаму треба да се развиваат и заштитат. Комисијата беше во постојан контакт со Европската комора на кривични адвокати (ECBA) во врска со ова прашање, имајќи предвид дека ECBA веќе има размислувано за некои од мерките што би можеле да се преземат. Дискусиите помеѓу CCBE и ECBA на оваа тема ќе продолжат и во иднина.

## TRAVAW (ОБУКА НА АДВОКАТИТЕ ЗА ЗАКОНИТЕ ВО ВРСКА СО НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ)




**Првиот семинар за обука за случаи поврзани со насилството врз жените се одржа во Мадрид на 27 март 2017 година.** На семинарот беа повикани и присуствуваа 40 шпански адвокати од различни градови, со цел, да се обезбеди соодветна рамнотежа во географската застапеност. Презентациите беа реализирани од страна на 7 експерти во сферата на половото засновано насилство (5 од Шпанија, 1 од Ирска и 1 експерт од Полска). Семинарот беше поделен на два дела. Утринската сесија беше посветена на националниот правен контекст во врска со насилството против жените, а попладнето акцентот беше ставен врз европскиот контекст. Говорниците од Полска и Ирска беа повикани да дадат една компаративна анализа на нивните национални законски рамки за полово засновано насилство, со можност за размена на најдобрите практики со нивните колеги од Шпанија.

**Деталната работна програма на семинарот одржан во Мадрид можете да ја погледнете на следнава интернет адреса.**

## НЕОДАМНА УСВОЕНИ ДОКУМЕНТИ

Коментари на CCBE во врска со Консултативниот документ на Европскиот правен институт (ELI) и Европската мрежа на судски совети (ENCJ) за односот помеѓу формалната и неформалната правна судска постапка и другите можни алтернативни решенија за решавање на конфликти

Коментари на CCBE во врска со предлогот за усвојување Директива за спроведување на Директивата 2006/123/ЕС за услугите на внатрешниот пазар, со која се дефинира процедурата за известување за постапките на овластување барањата поврзани со услугите, како и за измени и дополнувања на Директивата 2006/123/ЕС и Регулативата (ЕУ) број 1024/2012 за административната соработка преку Системот за информирање во рамки на внатрешниот пазар

Коментари на CCBE во врска со предлогот за усвојување Директива за проверка на пропорционалноста пред усвојување на нови законски прописи за регулација на одредени професии

Коментари на CCBE во врска со предлогот за усвојување Директива на Европскиот парламент и Советот за борба против перењето пари преку кривичното право COM(2016) 826 конечна верзија 2016/0414 (COD)

## СЛЕДНИ НАСТАНИ

| | |
|---|---|
| **19 мај** | *Пленарна сесија на CCBE, Единбург* |
| **24-25 мај** | *12-та годишна Адвокатска лидерска конференција на МАК* |
| **24-26 мај** | *68-ма Годишна конференција на Германската адвокатска комора, Есен* |